# ДРЖАВНИ УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ ЛИГИ

**Александар Туфекчиевски, Герман Боглев, Александар Ацески, Ивица Анѓелковски**

*Федерација на училишен спорт на Македонија*

Целата енергија која учениците ја имаат во себе наместо да се троши во негативни цели може да се насочи кон спортските акивности во рамките на училиштата. Федерацијата на училишниот спорт на Македонија со нејзините членки (општински организации за училишен спорт и училишни спортски клубови) создава услови за непречена активност на учениците во текот на целата година преку разни спортски манифестации. Со сериозна подршка на Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование во учебната 2006/07 година за првпат се формирани четири спортски лиги и тоа две во основното и две во средното образование.

Идејата за формирање на државни спортски лиги постои од поодамна, но за организирање и одржување на ваков вид на натпревари е потребно добра организација, дополнителна работа на наставниците по физичко и здравствено образование со учиниците за остварување на што подобри резултати за време на натпреварите, како и финансии кои се неопходни за да можат државните лиги да се реализираат. Организирањето на државните лиги се одвиваше во координација со сите организации за училишен спорт преку Федерацијата на училишен спорт на Македонија, Агенцијата за млади и спорт и Министерството за образование и наука.

Државните училишни спортски лиги опфаќаа четири спортови и тоа:
за средни училишта: мал фудбал - машки и кошарка - машки, а
за основни училишта: мал фудбал - машки и ракомет - женски.

Во квалификациите за учество во државните спортски лиги беа пријавени 180 училишта од целата држава. Поради подобра и поквалитетна организираност на квалификациските натпревари разигрувањето се одвиваше во три зони, поточно Македонија беше поделена на три зони и тоа: источна, западна и скопска зона. Од секоја зона се пласираа најдобрите две екипи, со што секоја лига броеше по шест екипи. Со големиот број на пријавени училишта да земат учество во државните спортски лиги всушност и се докажа потребата за организирање на ваков вид на натпревари каде што масовноста на учениците е огромна. Моделот за одржување на државните спортски лиги беше двокружен лига систем, каде се игра секој со секого дома и во гости. Во првиот и вториот круг во секоја лига се изиграа вкупно 30 натпревари во 10 кола. Распоредот на натпреварите беше направен според бергеровите таблици.

Државните лиги започнаа да се реализираат во месец февруари и траеа се до половната на месец мај. Сите информации беа достапни веднаш после секој натпревар на веб страната на Федерацијата (www.fusmak.org.mk). Масовноста на учениците како публика беше голема скоро на сите 120 натпревари од четирите лиги. Конечните резултати презентирани се на табелите, а за сите училишта според пласманот и за наставнивите за првите три места предвидени се парични награди.

Генерално гледано, за овој проект може да се констатира дека има добра иднина, а придобивките се очекуваат не само за развој на училишниот спорт, туку и за развој на севкупниот спорт во Република Македонија.

## СРЕДНИ УЧИЛИШТА

### Мал фудбал машки

| р. бр | Училиште | одиг. натп. | победи | нерешени | порази | гол разлика | | | бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | СОМУ д-р Јован Калаузи (Битола) | 10 | 8 | 1 | 1 | 56 | 32 | +24 | 25 |
| 2. | ДУФК Методи Митевки - Брицо (Скопје) | 10 | 7 | 1 | 2 | 61 | 36 | +25 | 22 |
| 3. | Гим. Гоце Делчев (Куманово) | 10 | 4 | 2 | 4 | 40 | 34 | +6 | 14 |
| 4. | Гим. Добри Даскалов (Кавадарци) | 10 | 3 | 1 | 6 | 30 | 34 | -4 | 10 |
| 5. | СОУ Гошо Викентиев (Кочани) | 10 | 3 | 0 | 7 | 33 | 44 | -11 | 9 |
| 6. | Гим. Јосип Броз -Тито (Скопје) | 10 | 2 | 1 | 7 | 25 | 64 | -39 | 7 |

### Кошарка машки

| р. бр | Училиште | одиг. натп. | победи | порази | кош разлика | | | бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ДУФК Методи Митевски - Брицо (Скопје) | 10 | 10 | 0 | 714 | 577 | +137 | 20 |
| 2. | СОУ Кочо Рацин (Велес) | 10 | 7 | 3 | 670 | 546 | +124 | 17 |
| 3. | СЕПУГС Васил Антевски - Дрен (Скопје) | 10 | 6 | 4 | 695 | 592 | +103 | 16 |
| 4. | Гим. Добри Даскалов (Кавадарци) | 10 | 5 | 5 | 596 | 595 | +1 | 15 |
| 5. | СОУ Коста Сусинов (Радовиш) | 10 | 2 | 8 | 504 | 614 | -110 | 11 |
| 6. | Гим. Гостивар (Гостивар) | 10 | 0 | 10 | 496 | 751 | -255 | 10 |

## ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

### Ракомет женски

| р. бр | Училиште | одиг. натп. | победи | нерешени | порази | гол разлика | | | бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ Димката А. Габерот (Кавадарци) | 10 | 8 | 0 | 2 | 179 | 102 | +77 | 24 |
| 2. | ОУ Кочо Рацин (Кратово) | 10 | 7 | 0 | 3 | 113 | 104 | +9 | 21 |
| 3. | ОУ Кирил и Методиј (Мак. Каменица) | 10 | 6 | 1 | 3 | 180 | 142 | +38 | 19 |
| 4. | ОУ Коле Канински (Битола) | 10 | 5 | 0 | 5 | 138 | 149 | -11 | 14 |
| 5. | ОУ Гоце Делчев (Скопје) | 10 | 3 | 1 | 6 | 116 | 133 | -17 | 9 |
| 6. | ОУ Кирил и Методиј (Скопје) | 10 | 0 | 0 | 10 | 86 | 183 | -97 | 0 |

### Мал фудбал машки

| р. бр. | Училиште | одиг. натп. | победи | нерешени | порази | гол разлика | | | бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ОУ Крсте П. Мисирков (Радовиш) | 10 | 6 | 4 | 0 | 23 | 14 | +9 | 22 |
| 2. | ОУ Истибал (Тетово) | 10 | 4 | 3 | 3 | 33 | 26 | +7 | 15 |
| 3. | ОУ Никола Вапцаров (Струмица) | 10 | 4 | 2 | 4 | 35 | 25 | +10 | 14 |
| 4. | ОУ Крсте П. Мисирков (Скопје) | 10 | 4 | 2 | 4 | 31 | 40 | -9 | 14 |
| 5. | ОУ Јане Сандански (Скопје) | 10 | 3 | 1 | 6 | 32 | 44 | -12 | 10 |
| 6. | ОУ Кочо Рацин (Прилеп) | 10 | 2 | 2 | 6 | 32 | 35 | - 3 | 8 |